РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 4) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 09.03.2020 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

I

**СЕ ОТПОВИКУВААТ** одобренијата за користење на радиофреквенции во радиодифузна служба со евидентен број103272 и во фиксна служба со евидентен број 103273 издадени од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот Трговско радиодифузно друштво РТВ Дрини ДООЕЛ Струга со адреса на ул.Кузман Шапкарев 12 во Струга, по писмено известување за одземање на дозвола за радио емитување од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

III

Ова решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за електронски комуникации има издадено одобренија за користење на радиофреквенции во радиодифузна служба со евидентен број103272 и во фиксна служба со евидентен број 103273 на корисникот Трговско радиодифузно друштво РТВ Дрини ДООЕЛ Струга со адреса на ул.Кузман Шапкарев 12 во Струга.

На 09.03.2020 година Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги достави решение за бришење од регистарот на радиодифузери по претходно донесена Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РТВ Дрини ДООЕЛ Струга.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 4) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), во кој е наведено дека *Агенцијата ќе донесе решение со кое ќе се отповика одобрението за користење на радиофреквенции и по писмено известување за одземање на дозвола за телевизиско или радио емитување од регулаторното тело надлежно за радиодифузија*, се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.**

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Уп1 Наш број: 0802-1084/5 =202
Скопје, 12.03.2020

Изработил:
Раководител на Сектор за радиокомуникации
Јане Јакимовски

**По овластување од Директорот,**
**Игор Бојаџиев**

**Доставено до:**
- странка
- архива
- Сектор за радиокомуникации
- Сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенциите
- Сектор за финансии и сметководство